**З А П И С Н И К**
**од Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.2.2019 година**

**Скопје, февруари 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.2.2019 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Асаф Адеми, министер за култура, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Билјана Пецевска, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

– **Усвојување на Записникот од 116-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.1.2019 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција -План 18
- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции
- Законодавна агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.01. - 30.06.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Извештај за извршени преговори, со усогласен текст на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната

2. Информација со Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо, со Предлог-одлука

3. Информација за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (за период 1.5.2018 - 28.12.2018 година)

4. Иформација за статутсот на ДП „Адиент Сеатинг“ ДООЕЛ Штип, корисник на ТИРЗ „Штип“, согласно Договорот за доделување на државна помош склучен со Владата на Република Македонија, со Извештај за преземените активности за ДП „Адиент Сеатинг“ ДООЕЛ Штип

5. Информација во врска со Предлог-тарифата за изменување на Тарифата на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, со Предлог-одлука

6. Информација за Годишна програма за работа за 2019 година и Годишен финансиски план за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со

Годишна програма за работа за 2019 година и Годишен финансиски план за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

7. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државен инспекторат за земјоделство

8. Предлог-одлука за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај

9. Предлог-одлуки за давање во закуп недвижна ствар на граничен премин Ќафасан со непосредна спогодба (граничен премин Ќафасан)

10. Информација за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлуки и изјави

11. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на правосилно одземени предмети и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната самоуправа и други и Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање согласност

13. Барање за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон, за КП бр.404/1 КО Зубово-вон г.р. на м.в. Брод, запишано во Имотен лист бр.5

14. Информација за давање на согласност за склучување на договор за долготраен закуп со непосредна спогодба за објект од јавен интерес на КП 1350/3 КО Горно Соње, со Предлог-одлука

15. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали „Норд енерџи груп“, ДООЕЛ, експорт-импорт, Тетово

16. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање користење на дел од недвижна ствар

17. Статут на Институтот за духовно културно наследство на Албанците-Скопје, со Предлог-одлука

18. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.723/17 за подрачје на Град Скопје)

**б) Економски систем и тековна економска политикаЉ**

19. Предлог-закон за вршење на сметководствени работи

20. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија

21. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг

22. Предлог-закон за тутун, производи од тутун и сродни производи

23. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година

24. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година

25. Предлог-уредба за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија

26. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година

27. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок на локалитетот „с.Нераште“ Општина Теарце, со предлог-одлуки

28. Информација за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија, со Предлог-одлука

29. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Прашник“, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

30. Информација за потреба од донесување на Национална програма за железничка инфраструктура за период од 2019-2021 година, со Предлог-национална програма

31. Информација за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ и за изменување на Одлуката за утврдување на средствата за ангажирање на консултант согласно Финансискиот договор по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, со Предлог-одлуки

32. Информација за изготвување закон за донирање на вишокот на храна

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на НН/ЕЕ подземен вод за напојување со придружен објект-базна станица за мобилна телефонија „БТС Пеком“, КО Пехчево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Сопиште-вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на Лисечка Река-Речица 1 КО Лисец-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ „Пена“ со референтен бр.82 КО Бозовце-в.г.р.,Општина Тетово, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 -времено сместување КО Горно Соње, Општина

Сопиште, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани Богословец, пристапен пат, ТС 20 (30) 110кв, со приклучен далековод од 2х110кв, Општина Свети Николе и Општина Штип, со Предлог-одлука

39. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука (45-629/1)

40. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука (45-630/1)

41. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука (45-631/1)

42. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука (45-632/1)

43. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“, ДООЕЛ, Кавадарци, со нов текст на Предлог-одлука (45-633/1)

44. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мирче Клечароски, с.Мороишта, Струга, со Предлог-одлука

45. Информација со мерки за подобрување на деловното опкружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка

46. Предлог за покренување на постапка за ратификација на Амандманот од Доха кон Протоколот од Кјото на Рамковната конвенција на ООН за климатски промени

47. Информација за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со Предлог-одлука и Физибилити студија

**в) Политички систем**

48. Предлог-закон за класифицирани информации

49. Предлог-закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка

50. Информација за потребата од потпишување на Договор за лиценца во врска со обезбедување на софтвер за далечинска конзола MASE помеѓу НАТО Агенцијата за комуникации и информации (НАКИ) и Република Македонија, со усогласен текст на Договор

51. Информација за Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и Акциски план 2017 - 2021 (ревидирана верзија)

52. Информација за потреба од надминување на состојбата со одлагање на рочиштата-претресите заради не доведување на обвинетите од страна на Казнено-поправните установи

53. Информација за правосилност на една одлука и две пресуди на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија: Радовиќ против Република

Македонија (А.бр.11640/16), Црква на Вистински Православни Христијани и Ивановски против Република Македонија (А.бр.35700/11) и Ставропигијален манастир „Св.Јован Златоуст“ против Република Македонија (А.бр.52849/09), со Предлог-одлука

54. Информација во врска со Предлог-спогодба за вонсудско решавање на спорот помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија и „Макпетрол“, АД Скопје, доставена од страна на „Макпетрол“ АД Скопје

55. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на недвижност во сопственост на Република Македонија, на трајно користење, без надомест, на Министерство за финансии, со Предлог-одлука

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

56. Предлог-програма за дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година

57. Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри, во 2019 година

58. Информација за Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година

59. Информација за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово

60. Информација за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Брвеница

61. Информација за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово

62. Информација за поднесените иницијативи за предлог-локации за изградба на Универзитетски клинички центар во Скопје, методологија и матрица од евалуација, со Извештајот на Работната група

63. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-одлука

64. Информација за формирање Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за

интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-решение

65. Информација за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема-ендоскопски столбови за абдоминална хирургија и сетови за видео интубација за анестезија за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија

66. Информација за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија

67. Информација за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци

**Б.МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

68. Предлог-одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија

69. Предлог-одлука за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот

70. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување

71. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување

72. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

**б) Политички систем**

73. Предлог-одлука за формирање на Меѓуресорска работна група за извршување на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

74. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан (7 штабни старешини)

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка

76. Барање на Ахмед Ал-Карболи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

77. Барање на Иван Ќибариќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

78. Барање на Анка Ќибариќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

79. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на јавните здравствени установи: Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби-Скопје, Клиничка болница ,,Д-р. Трифун Пановски” - Битола, Клиничка болница Тетово, Клиничка болница Штип, Општа болница Велес, Општа болница со проширена дејност - Гевгелија, Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, Општа болница Куманово, Општа болница Охрид, Општа болница Струмица, Психијатриска болница Скопје - Скопје, Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје и Институт за јавно здравје на Република Македонија

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Крушево

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

81. Барање за давање на автентично толкување на член 10 став 2 точка 2) алинеја 3 од Законот за судска служба, поднесено од пратеникот Александар Кирацовски

82. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1.7.2018 година до 31.12.2018 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

83. Иницијатива поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.133/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 од Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/2017) донесен од министерот за финансии

84. Информација за состојбата и инклузијата на Ромите по спроведување на Декадата на Ромите, со Извештај од истражувањето „Инклузија на Ромите по завршувањето на Декадата на Ромите“ со тековна состојба и предизвици, од Народниот правобранител на Република Македонија

85. Статут на Европски универзитет - Република Македонија

86. Понуда од нотар Оливера Пешиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 156 за КО ГИД Оризари на КП бр. 983 место викано Железница

87. Понуда од нотар Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2565 за КО Чаир на КП бр. 3004

88. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 45062 за КО Трубарево на КП 286/2 и КП 286/3 место викано Јуриа

89. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) доставено под И бр.813/18

90. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на член 179, член 181, член 182 од Законот за извршување) под И Бр.328/2011, Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 од Законот за извршување) со Заклучок и Заклучок за прва усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)

91. Известување од извршител Антончо Коштанов, именуван за подрачјето на Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр. 714/18, Заклучок за огласување за продажба за неважечка (врз основа на член 188 став 2 од Законот за извршување), доставен под И.бр. 714/18 и Заклучокот за втора усна јавна продажба (на недвижноста запишана во Имотен лист бр. 2272 за КО Глуво Бразда)

## В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ

92. Кадровски прашања

93. Прашања и предлози

## Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

94. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за периодот од 1.7.2018 година до 31.12.2018 година

95. Информација за прогресот на активностите сврзани со ажурирање на геодетска подлога во функција на изработка на Државна урбанистичка планска документација за Технолошко индустриска развојна зона Липково, КО Никуштак, Општина Липково

96. Информација за потпишан Договор за научна и техничка соработка, помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорат за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорат за хигиена, безбедност на храна и исхрана при Министерството за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство

97. Известување во врска со потпишаниот Договор за стручна и научна соработка меѓу Државниот архив на Република Македонија и Народниот музеј во Врање

98. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 октомври до 31 декември 2018 година

99. Информација за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период 1.1-31.12.2018 година

100. Информација за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот за претпристапна помош за период јануари - јуни 2018 година

101. Информација за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот на претпристапна помош, за периодот јули - декември 2018 година

102. Информација со компаративна анализа на законодавството со кое се регулира заштитата од штетните ефекти од употребата на тутун и тутунски производи во земјите од Европската Унија и преглед на извршени инспекциски надзори од Државниот санитарен и здравствен инспекторат

103. Информација во врска со реализацијата на проектот „Реконструкција, адаптација и санација на НУ Албански театар - Скопје“, со Анализа на реализацијата на реконструкција на објектот Национална установа Албански Театар - Скопје

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

104. Информација за надзор над функционалноста на АКМИС по судовите

105. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година

106. Предлог-одлука за признавање на претседателот на Националното собрание на Боливарската Република Венецуела, Хуан Гуаидо за преоден претседател на државата до спроведувањето на нови претседателски избори

107. Предлог-одлука за отворање Генерален конзулат на Република Северна Македонија во Република Грција, со седиште во Солун

108. Предлог-одлука за отворање амбасада на Република Северна Македонија во Република Грција, со седиште во Атина

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и шеснаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.1.2019 година.

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата, дека за време на посетата на Република Македонија од Кристијан Даниелсон, директор на „ГД НЕАР“ е усогласена индикативната листа на приоритети, при што во Планот 18 е додадено едно ново Поглавје со три области- Избори, Собрание и Човекови права и медиуми.

Исто така, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања информираше дека е започната подготовка на Ажуриран придонес кон Извештајот на европската комисија, при што институциите, носители на поглавја се должни најдоцна до 18.2.2019 година да достават инпут за

ажурираниот придонес на англиски и македонски јазик до Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, Владата го задолжи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Собранието на Република Македонија да изнајде решение за обезбедување на техничката поддршка на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана.

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.01. - 30.06.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, која е доставена до Собранието на Република Македонија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1.Законодавната агенда на предлог на м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, се измени и дополни со:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со краен рок за доставување во владина постапка во април 2019 година.

- Предлог-законот за одбрана кој треба да се достави во владина постапка во април 2019 година се заменува со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана (не се работи за нов закон).

2.Законодавната агенда на предлог на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, да се дополни со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, со краен рок за доставување во владина постапка во февруари 2019 година.

3.Ги задолжи ресорните министерства кои имаат утврдено предлог-закони за доставување во владина постапка за февруари 2019 година, истите да ги достават согласно роковите од Законодавната агенда на Владата на Република Македонија.

4. Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да се достави до Собранието на Република Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член (11) став 2, член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

**Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори, со усогласен текст на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

2. Се определува директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Зоран Атанасов, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, за 6 (шест) месеци да ја извести Владата за спроведувањето на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (за период 1.5.2018 - 28.12.2018 година), ја усвои и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, до 30.6.2019 година да ја информира Владата за спроведените активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитарите.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за статутсот на „ДП Адиент Сеатинг“, ДООЕЛ, Штип, корисник на ТИРЗ „Штип“, согласно Договорот за доделување на државна помош склучен со Владата на Република Македонија, со Извештај за преземените активности за „ДП Адиент Сеатинг“, ДООЕЛ Штип и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот да ја предаде целокупната документација за „ДП Адиент Сеатинг ДООЕЛ“ Штип на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2.Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот да изготват записник за примопредавање на документацијата за предметот „ДП Адиент Сеатинг“, ДООЕЛ Штип.

Исто така, се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот да подготви детален извештај за сите постапки активни до моментот на предавање и во рок од три дена да го достави до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-тарифата за изменување на Тарифата на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифата за изменување на Тарифата на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ги разгледа најновите текстови на Информацијата за Годишна програма за работа за 2019 година и Годишен финансиски план за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со Годишна програма за работа за 2019 година и Годишен финансиски план за 2019 година на Фондот за иновации и технолошки развој и со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1 Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансискиот план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година.

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државен инспекторат за земјоделство, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп објекти на граничните премини за патен сообраќај, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање во закуп недвижна ствар на граничен премин Ќафасан со непосредна спогодба на „Сава Осигурување“ АД Скопје.

- Одлуката за давање во закуп недвижна ствар на граничен премин Ќафасан со непосредна спогодба на Друштвото за логистика „Виатор“ и „Вектор“ ДОО Скопје.

- Одлуката за давање во закуп недвижна ствар на граничен премин Ќафасан со непосредна спогодба на „ЛА САТ Шпедиција“, ДООЕЛ Струга и

- Одлуката за давање во закуп недвижна ствар на граничен премин Ќафасан со непосредна спогодба на АД за транспорт, шпедиција, трговија и услуги „Даути Транспортшпед“, Сарај, во предложените текстови.

Истовремено, Владата ја задолжи Царинска управа во Договорите што ќе ги потпише со друштвата наведени во одлуките да се наведе истите да можат еднострано да се раскинат со претходна најава од 30 дена.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“, ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и изјави и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“, ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2.Го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“, ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3.Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4.Даде Изјава за преземање на нов влог (нов текст).

5.Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“-Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од седма емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, средствата во износ од 892.500,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина на МЕР АД Скопје со влогови преку издавање на нови акции од седмата емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2018 година на сметка 130010025663718, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства, да ги префрли на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“- Скопје во државна сопственост, согласно Одлуката за зголемување на основната главнина на МЕР АД Скопје со влогови преку издавање на нови акции од седмата емисија по пат на приватна понуда.

## Точка 12

Владата ги донесе :

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Центар (нов текст) (пмв Фиат пиаџо),

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница Кочани (нов текст) (пмв Форд Фиеста),

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Валандово (нов текст) (пмв Фиат дукато),

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница Кочани (нов текст) (пмв Опел омега),

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Богданци (нов текст) (пмв Пежо 206),

6.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен студентски дом „Скопје“-Скопје (нов текст) (пмв Ауди А6),

7.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Демир Капија (нов текст) (пмв БМВ 316),

8.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје (нов текст) (пмв полуприколка Кроне),

9.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (нов текст) (пмв Сеат ибица),

10.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта (нов текст) (пмв Гранд Чироки),

11.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Конче (нов текст) (пмв Форд транзит),

12.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Управен суд на Република Македонија (нов текст) (пмв Голф 6),

13.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Македонски шуми“-Скопје (нов текст) (тмв Мерцедес бенз),

14.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Институт за стандардизација на Република Македонија (нов текст) (пмв Мерцедес Ц220),

15.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Студеничани (нов текст) (пмв БМВ),

16.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Центар за култура „Антон Панов“ Струмица (нов текст) (пмв Даимлер бенз 602 КА),

17.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи-Управа за безбедност и контраразузнавање (нов текст) (пмв Порше кајен),

18.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Град Скопје (нов текст) (пмв Фолксваген поло),

19.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“ Битола (нов текст) (пмв Фолксваген голф 4),

20.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен (нов текст) (пмв Пежо 206),

21.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основен суд Гевгелија (нов текст) (пмв Форд фокус),

22.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Центар (нов текст) (пмв Пежо 306),

23.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за култура (нов текст) (пмв Ауди А4),

24.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом Кратово (нов текст) (пмв Ауди),

25.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Маврово и Ростуше (нов текст) (пмв Фолксваген поло),

26.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Град Скопје (пмв БМВ),

27.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Брвеница (пмв Форд фокус),

28.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (пмв Мерцедес А класа),

29.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (пмв Митсубиши каризма),

30.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (пмв Фолксваген голф 3),

31.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (пмв Тојота рав 4),

32.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Пежо 807 2,0),

33.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонски шуми - Скопје (полуприколка марка Когел),

34.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за образование и наука (пмв БМВ 320),

35.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (пмв Фолксваген голф 4),

36.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово (пмв Мазда 323),

37.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Теарце (пмв Џип Гранд чироки),

38.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница - Струмица (пмв Ауди А4),

39.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенцијата за администрација (пмв Хонда акорд),

40.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крива Паланка (пмв Форд транзит),

41.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈП Македонски шуми - Скопје (пмв Џип Гранд чироки),

42.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Ауди А4 авант),

43.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв БМВ караван),

44.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (пмв Нисан терано),

45.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија - Државен пазарен инспекторат (пмв Мерцедес вито), во предложените текстови.

**Точка 13**

Владата по Барањето за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон, за КП бр.404/1 КО Зубово-вон г.р. на м.в. Брод, запишано во Имотен лист бр.5, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за долготраен закуп со непосредна спогодба за објект од јавен интерес на КП 1350/3 КО Горно Соње, го усвои и го донесе текстот на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија - Скопје, кој предлагачот ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство и ќе го достави до Владата.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали „Норд енерџи гроуп“, ДООЕЛ, експорт-импорт Тетово, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање користење на дел од недвижна ствар, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците-Скопје, со Предлог-одлука и по Статутот ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.723/17 за подрачје на Град Скопје), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи, за наредната седница на Владата, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, да подготви и да достави информација за статусот на овие два објекта (тениски терени), по нивното запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности и за преземање на понатамошни активности со истите.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за вршење на сметководствени работи, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 7.2.2019 година (четврток).

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 7.2.2019 година (четврток).

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлог-законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Абдилгафар Синани, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 23**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја донесе Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија, која предлагачот претходно да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година усогласен со Секретаријатот за законодавство, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок на локалитетот „с.Нераште“, Општина Теарце, со предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок на локалитетот „с.Нераште“, Општина Теарце.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања (имајќи во предвид дека има негативното

мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина-Сектор за води), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија, со Предлог-одлука за седницата што ќе се одржи на 7.2.2018 година (четврток).

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Прашник“ Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Прашник“ Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од донесување на Национална програма за железничка инфраструктура за период од 2019 - 2021 година, со Предлог-национална програма, ја усвои Информацијата, го утврди текстот на Предлог-националната програма за железничка инфраструктура за период од 2019 - 2021 година и заклучи согласно член 26 став 2 од Законот за железничкиот систем да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ и за изменување на Одлуката за утврдување на средствата за ангажирање на консултант согласно Финансискиот договор по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на средствата за ангажирање на консултант согласно Финансискиот договор по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по донесувањето на горенаведените одлуки да отпочне постапка за избор на најповолен понудувач за консултантски услуги „Техничка помош при имплементацијата на проектите за водоснабдување и одведување на отпадни води во Македонија (ЕИБ)“.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување закон за донирање на вишокот на храна (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство до Владата да достави предлог-закон за донирање на вишокот на храна, во рок од шест месеци.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да формира работна група за изготвување на закон за донирање на вишокот на храна, во рок од 15 дена, со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

3. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори до Агенцијата за храна и ветеринарство да номинираат претставници во работната група, за изготвување на законот за донирање на вишокот на храна, во рок од седум дена.

4. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да ја информира Владата за напредокот на процесот на изготвување на закон за донирање на вишокот на храна на секои три месеци.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на НН/ЕЕ подземен вод за напојување со придружен објект - базна станица за мобилна телефонија „БТС Пеком“ КО Пехчево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на НН/ЕЕ подземен вод за напојување со придружен објект - базна станица за мобилна телефонија „БТС Пеком“ КО Пехчево, Општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Сопиште-вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Сопиште-вон град, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на Лисечка Река-Речица 1 КО Лисец-вон г.р., општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на Лисечка Река-Речица 1 КО Лисец-вон г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ „Пена“ со референтен бр.82 КО Бозовце-в.г.р.,Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ „Пена“ со референтен бр.82 КО Бозовце-в.г.р.,Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 -времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани „Богословец“, пристапен пат, ТС 20 (30) 110кв, со приклучен далековод од 2х110кв, Општина Свети Николе и Општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани „Богословец“, пристапен пат, ТС 20 (30)

110кв, со приклучен далековод од 2x110кв, Општина Свети Николе и Општина Штип (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука (45-632/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги „Агро Кожувчанка“ ДООЕЛ Кавадарци, со нов текст на Предлог-одлука (45-633/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мирче

Клечароски с.Мороишта Струга со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата со мерки за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка и ја усвои Информацијата со новите заклучоци:

Започнување на бизнис

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија почнувајќи од

20 февруари 2019 година да подготви план и континуирано да презема активности за промовирање на можноста физичките лица електронски да вршат регистрација на фирма преку системот за е-регистрација со користење на дигитален сертификат, имајќи во предвид дека оваа можност не се користи во пракса бидејќи јавноста не е доволно запознаена, и до 15 април 2019 година да го извести Министерството за финансии за преземените активности.

2. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Централниот регистар на Република Македонија до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица во насока на исклучување/бришење на категоријата регистрациони агенти (сметководители и адвокати) и предвидување законски одредби со кои регистрирањето на фирма задолжително ќе се врши електронски со користење на дигитален електронски сертификат од страна на физичките лица-сопственици/управители на фирма.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Управата за јавни приходи да ја разгледа можноста за изменување на Законот за данокот на додадена вредност во насока на намалување на рокот за изготвување на даночно решение, и за истото да ја извести Владата до крајот на април 2019 година во рамки на информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка.

4. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на проектот за воспоставување на електронска платформа за регистрирање на фирма, регистрација за ДДВ цели и регистрирање на вработени. Притоа, потребно е Централниот регистар на Република Македонија да извести и за можноста преку оваа електронска платформа да може да се врши отворање и активирање на банкарска сметка.

Добивање на градежни дозволи

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за градежно земјиште во насока на ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии) за објекти со намена лесна индустрија: сервиси и стоваришта.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со ЈП Водовод и канализација-Скопје и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави Анализа на можноста за намалување на останатите трошоци за добивање на градежни дозволи, согласно мерењата на извештајот „Doing Business 2019" на Светска банка.

7. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за финансии до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изготвување на законски измени согласно кои лицата кои според закон се одговорни за структурни недостатоци или проблеми во објектот откако ќе биде пуштен во употреба (инвеститор, правни лица за проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградбата), да бидат законски обврзани да обезбедат осигурување (осигурителна полиса за период не пократок од 10 години) за да се покријат можните дефекти или проблеми во објектот откако ќе биде пуштен во употреба.

8. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС во соработка со ЈП Водовод и канализација-Скопје да ја разгледаат можноста субјектите кои поднесуваат барање за добивање на хидротехнички услови тоа да го направат по електронски пат, односно да се елиминира шалтерскиот начин на обезбедување на хидротехнички услови, а електронското поднесување на барање и добивање на хидротехнички услови да биде единствениот начин за обезбедување на овој документ за инвеститорите/проектанти. За ова потребно е Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија и ЈП Водовод и канализација-Скопје да изработат софтверско решение кое ќе овозможи барањето и добивањето на хидротехничките услови да се врши во рамки на постојниот електронски систем за добивање градежни дозволи и за истото да ја известат Владата до 10 март 2019 година.

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до 10 март 2019 година да достави до Владата информација за можноста за изменување на Законот за просторно и урбанистичко планирање во насока на намалување на рокот за издавање на извод од детален урбанистички план.

Пристап до електрична енергија

10. Се укажува на Регулаторна комисија за енергетика во постапката на одобрување на новите мрежни правила за дистрибуција, да го определи дозволеното времетраење на прекините, како и да се обезбеди податоци за реалното времетраење на прекините со цел да се овозможи пресметувањето на индикаторите SAIFI и SAIDI во делот на индикаторот Пристап до електрична енергија.

11. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и најдоцна до 10 март 2019 година до Владата да достави информација за можноста и оправданоста на барањето за измени на Законот за градење во делот на одредбите кои се однесуваат на добивање на одобрение за употреба на енергетските објекти, односно Одлуката за воведување во владение на земјиштето донесена согласно Закон за експропријација, како и останатите докази за решени имотно-правни односи да не бидат пречка за далекуводите, односно трафостаниците да се стават во употреба, како и за можноста за изменување на одредбите кои се однесуваат на изградба на електроенергетски објекти наменети за нови приклучоци

за електрична енергија и за можноста измените на Законот за градење во оваа насока да се земат во предвид при првите наредни измени на Законот за градење.

12. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС да преземат активности до 10 март 2019 година, за информирање/известување на сите општини во Република Македонија за доследна и целосна примена на одредбите од Законот за градење и Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите, односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење, со цел да се
избегне различно толкување и примена на пропишаните постапки од страна на општините со што се отежнува постапката за добивање на Решение за поставување на нисконапонски кабли и разводни ормари.

Регистрирање на имот

13. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за изменување на Законот за даноците на имот во насока на скратување на рокот за изготвување на решение за данок на промет на недвижности и за истото да ја извести Владата до крајот на април 2019 година во рамки на информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019" на Светска банка.

14. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација со анализа и предлог мерки за подобрување на рангот на индикаторот Регистрирање на имот во делот на Индексот на квалитет на администрацијата која управува со земјиштето.

Пристап до кредити

15. Се задолжува Министерството за економија до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, каде ќе се дефинира временски период кога може да бидат стопирани сите активности на доверителите за наплата на побарувањата од должникот и ќе се овозможи пристап на доверителите до информации во врска со финансиската состојба на должникот во текот на стечајната постапка.

16. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија до крајот на февруари 2019 година да формира работна група со претставници од Министерството за правда и Министерството за финансии, а работната група до крајот на 15 април 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за воспоставување на Регистар врз основа на пријава (Notice based registry, регистар на залог врз подвижни ствари) земајќи го во предвид примерот и искуството на Црна Гора и Косово.

Заштита на малцински инвеститори

17. Се задолжува Министерството за економија да формира работна група со претставници од Министерство за финансии, Министерство за правда, Комисија за хартии од вредност и експерти од соодветната област, која ќе изготви измени на Законот за трговските друштва и до 10 март 2019 година ќе ги достави до Владата, во кои ќе се овозможи заинтересираната

страна на чија иницијатива е склучена зделката, да го врати профитот остварен од штетната трансакција, кај ДОО да се воведе одобрување од страна на сите содружници за одлуката за додавање на нов содружник, како и да се воведе механизам за решавање на клучните прашања и проблеми поврзани со работењето на фирмата, кај ДОО потенцијалниот купувач да направи тендерска понуда до сите содружници при стекнувањето на 50% од компанијата што е предмет на купопродажба и доуредување на одредбите за обелоденување на информации за членовите на органите на управување за нивна ангажираност во органи на управување во други компании.

18.Се задолжува Министерството за правда до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за парнична постапка во насока на доуредување на одредбите со кои се овозможува добивање на бараните документи/докази кои се наоѓаат кај другата странка или кај трето лице.

19. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за изменување на Законот за ревизија во насока одборот за ревизија да го сочинуваат единствено членови на надзорниот одбор, односно на одборот на директори, и за истото да ја извести Владата до крајот на април 2019 година во рамки на информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно препораките на извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка.

Плаќање даноци

20. Се задолжува Министерството за финансии-Управа за јавни приходи до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на активностите за автоматизација на процесот на поврат на ДДВ, пребивање и пренасочување на ДДВ со креирање на електронски налози до Министерството за финансии.

21. Се задолжува Министерството за финансии-Управа за јавни приходи до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за статусот на реализација на активностите за имплементација на новиот електронски систем за евалуација на ризик.

Прекугранично тргување

22. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација со предлог мерки за подобрување на состојбите кај индикаторот Прекугранично тргување.

Спроведување договори

23. Се задолжува Министерството за правда до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација за можноста за изменување на Законот за парнична постапка во насока на утврдување на максимален број на одложувања или продолжувања на рочиштата во текот на судската постапка за спорови од мала вредност.

24. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Основниот суд Скопје II до 10 март 2019 година да подготви и до Владата да достави информација со анализа за времетраењето на судските постапки за спорови од мала вредност и да ја разгледа можноста за изменување на Законот за парнична постапка во насока на ограничување на периодот на чекање помеѓу рочиштата за спорови од мала вредност.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот за покренување на постапка за ратификација на Амандманот од Доха кон Протоколот од Кјото на Рамковната конвенција на ООН за климатски промени, го усвои Предлогот и го задолжи Министерството за надворешни работи да ја спроведе постапката за ратификација на Амандманот од Доха кон Протоколот од Кјото на Рамковната конвенција на ООН за климатски промени.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со Предлог-одлука и Физибилити студија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Ја донесе Одлуката за започнување постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2.Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во рок од три дена од денот на донесување на Одлуката.

3.Се задолжува Комисијата да го достави Јавниот повик и Тендерската документација во рок од 14 дена до Владата.

**Точка 48**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за класифицирани информации, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 7.2.2019 година (четврток).

**Точка 49**

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Договор за лиценца во врска со обезбедување на софтвер за далечинска конзола MASE помеѓу НАТО Агенцијата за комуникации и информации (НАКИ) и Република Македонија, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за лиценца во врска со обезбедување на софтвер за далечинска конзола MASE помеѓу НАТО Агенцијата за комуникации и информации (НАКИ) и Република Македонија.

2. Се овластува Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Договорот за лиценца во врска со обезбедување на софтвер за далечинска конзола MASE помеѓу НАТО Агенцијата за комуникации и информации (НАКИ) и Република Македонија.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО) и Акциски план 2017 - 2021 (ревидирана верзија), ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје 2017-2021 (ревидирана верзија).

2. Го прифати Националниот акциски план (МЛО) 2017-2021 (ревидирана верзија).

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од надминување на состојбата со одлагање на рочиштата - претресите заради не доведување на обвинетите од страна на Казнено-поправните установи (нов текст), ја усвои Информацијата и укажува на Агенцијата за управување со одземен имот да ја разгледа можноста за отстапување на Министерството за правда-Управата за извршување на санкции на најмалку 10 возила за доведување на обвинети лица и за истите да подготви соодветни одлуки за добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една одлука и две пресуди на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија: Радовиќ против Република Македонија (А.бр.11640/16), Црква на Вистински Православни Христијани и Ивановски против Република Македонија (А.бр.35700/11) и Ставропигијален манастир „Св.Јован Златоуст“ против Република Македонија (А.бр.52849/09), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-спогодба за вонсудско решавање на спорот помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија и „Макпетрол“ АД Скопје, доставена од страна на „Макпетрол“ АД Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Државното правобранителство на Република Македонија во рок од седум дена да ја извести Владата на Република Македонија за целокупниот процес на судските активности.

2.Се задолжува Државното правобранителство на Република Македонија да ја разгледа Предлог-спогодбата и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да достави мислење во однос на истата.

**Точка 55**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на недвижност во сопственост на Република Македонија, на трајно користење, без надомест, на Министерство за финансии, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за финансии, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за финансии да започне постапка за продажба на предметната недвижна ствар согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, во рок од три дена по објавување на Одлуката во Службен весник на Република Македонија.

**Точка 56**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година, со заклучок текстот на Програмата соодветно да се дополни со детската градинка во Општина Чаир.

**Точка 57**

Владата по Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри, во 2019 година, го донесе најновиот текст на Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2019 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година и го усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати новиот текст на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година.

2.Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука во рамки на програмите од сопствениот ресор да направат пренамена, со цел да се обезбедат средства во износ од 4.500.000 денари наведени во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година за имплементација на активноста „втора можност“ во рамките на Гаранцијата за млади во Буџетот на Министерството за образование и наука.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово.

2. Владата на Република Македонија врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово, со плаќање во период од две години со следнава динамика: 8.050.000,00 денари во 2019 година и 3.450.000,00 денари во 2020 година.

3.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата на Република Македонија да распише постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово со плаќање во период од две години со следнава динамика: 8.050.000,00 денари во 2019 година и 3.450.000,00 денари во 2020 година.

Исто така, се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за 2020 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година или во Буџетот за блок дотациите, а Министерството за финансии истите да ги има во предвид при идното буџетирање.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Брвеница и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Брвеница, со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 15.610.000,00 денари во 2019 година и
- 6.690.000,00 денари во 2020 година.

2.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата на Република Македонија да распише постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Брвеница со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 15.610.000,00 денари во 2019 година и
- 6.690.000,00 денари во 2020 година.

Исто така, се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за 2020 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година или во Буџетот за блок дотациите, а Министерството за финансии истите да ги има во предвид при идното буџетирање.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерството за труд и социјална политика за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово, со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 9.240.000,00 денари во 2019 година и
- 3.960.000,00 денари во 2020 година.

2.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по добиено одобрение од Владата на Република Македонија да распише постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Босилово со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 9.240.000,00 денари во 2019 година и
- 3.960.000,00 денари во 2020 година.

Исто така се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за 2020 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година или во Буџетот за блок дотациите, а Министерството за финансии истите да ги има во предвид при идното буџетирање.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за поднесените иницијативи за предлог-локации за изградба на Универзитетски клинички центар во Скопје, методологија и матрица од евалуација, со Извештајот на Работната група и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за поднесените иницијативи за предлог-локации за изградба на Универзитетски клинички центар во Скопје, методологија и матрица од евалуација.

2. Го прифати Извештајот на Работната група и ја утврди највисоко рангираната локација како најповолна за дислокација и изградба на Универзитетскиот клинички центар во Скопје.

3. Се препорачува на Општина Ѓорче Петров да ги спроведе сите потребни активности за донесување на урбанистичка докуменатција за локацијата, надлежност на единицата на локалната самоуправа.

## Точка 63

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на новиот текст на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-одлука.

## Точка 64

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за формирање Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог - решение.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема-ендоскопски столбови за абдоминална хирургија и сетови за видео интубација за анестезија за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема - ендоскопски столбови за абдоминална хирургија и сетови за видео интубација за анестезија за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија, во вкупна вредност од 18.500.000,00 денари без ДДВ, со следниов начин и динамика на плаќање и тоа:

- 6.000.000,00 денари во 2019 година и
- 12.500.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство средствата потребни за реализација на јавната набавка на потребната медицинска опрема да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредната година, а Министерството за финансии да ги има предвид.

3.Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, дава одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на јавни здравствени установи во Република Македонија, во вкупна вредност од 38.500.000,00 денари без ДДВ, со следниов начин и динамика на плаќање:

- 10.000.000,00 денари во 2019 година
- 15.000.000,00 денари во 2020 година и
- 13.500.000,00 денари во 2021 година.

2.Се задолжува Министерството за здравство, средствата потребни за реализација на јавната набавка на потребната медицинска опрема да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредните години, а Министерството за финансии да ги има во предвид.

3.Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 67

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии даде одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, во вкупна вредност од 20.000.000,00 денари без ДДВ, со следниов начин и динамика на плаќање и тоа:

- 5.000.000,00 денари во 2019 година и
- 15.000.000, 00 денари во 2020 година

2.Се задолжува Министерството за здравство средствата потребни за реализација на јавната набавка на потребната медицинска опрема да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредната година, а Министерството за финансии да ги има предвид.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

**Точка 68**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување со следниве заклучоци:

1.Во текстот на Одлуката, во член 1, наместо зборовите „по членот 4 се додава нов член 5 кој гласи:“, да стојат зборовите „по членот 3, се додава нов член 3а кој гласи:“.

2. Во текстот на Одлуката, во член 2, наместо зборовите „со денот со донесувањето“, да стојат зборовите „со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија“.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување со следниве заклучоци:

1.Во текстот на Одлуката, во член 1, наместо зборовите „по членот 4 се додава нов член 5 кој гласи:“, да стојат зборовите „по членот 3, се додава нов член 3а кој гласи:“.

2.Во текстот на Одлуката, во член 2, наместо зборовите „со денот со донесувањето“, да стојат зборовите „со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија“.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да спроведе постапка за продажба на движните ствари, согласно Законот за

користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорска работна група за извршување на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка", во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го разгледа Барањето на Ахмед Ал-Карболи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 77**

Владата го разгледа Барањето на Иван Ќибариќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 78**

Владата го разгледа Барањето на Анка Ќибариќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 79

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Велес.

6.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Гевгелија.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Куманово.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Охрид.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица.

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Психијатриска болница Скопје - Скопје.

11.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби-Скопје.

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Др. Трифун Пановски“ - Битола и

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово, во предложените текстови.

## Точка 80

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Крушево, во предложениот текст.

## Точка 81

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 10 став 2 точка 2) алинеја 3 од Законот за судска служба, поднесено од пратеникот Александар Кирацовски, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да подготви заедничко мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство по Барањето.

## Точка 82

Владата го разгледа и дава позитивно мислење по Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување.

## Точка 83

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Александра Илиева Милчова, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.133/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 став 1 од Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/2017) донесен од министерот за финансии и притоа го утврди следново Мислење:

Во споменатата иницијатива, подносителот наведува дека со одредбите од членот 10 став 1 од Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок на обврзникот кој во текот на годината остварува приход и данок („Службен весник на Република Македонија“ бр. 197/17 кои гласат: „Обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување врз основа на Законот, обврзникот -нерезидент и исплатувачот од членот 76 од Законот, за целите на пополнување и доставување на елекронската пресметка „е-ППД “ се регистрира на системот „е - Персонален данок “ на органот за јавни приходи.“ се во спротивност на членот 33 од Уставот на Република Македонија.

Имено, подносителот на иницијативата наведува дека со овие одредби им се наметнува обврска за регистрација на граѓаните кои остваруваат приходи во Република Македонија во системот на Управата за јавни приходи и дека само со закон може да им наметне обврска на граѓаните за регистрирање во системот на е-персонален данок на доход со цел Управата за јавни приходи да може да состави даночна пријава во нивно име.

Исто така, подносителот смета дека воспоставувањето на ваквата обврска не е во согласност со членот 33 од Уставот од причина што согласно овој член од Уставот секој е должен да учествува во измирувањето на даночните обврски, но на начин утврден со закон.

Во врска со наведеното, се укажува дека со членот 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17) беше пропишано дека обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување со данок на доход врз основа на овој закон е должен да поднесе пресметка на аконтација на данок и докази до органот за јавни

приходи. При тоа со ставот 2 од овој член беше пропишано дека пресметката обврзникот ја доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Членот 23 од споменатиот закон пропишуваше дека и обврзникот - нерезидент поднесува пресметка за секој од приходите што ги остварува, а за кои не е предвидено плаќање на данок на доход по одбивка.

Во членот 25 од истиот закон е наведено дека исплатувачот од членот 76 од Законот, пред секоја исплата на приходите на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен до органот за јавни приходи да достави пресметка за бруто приходот, одбитоците, пресметаниот данок по одбивка и нето приходот за исплата, за секој обврзник поединечно. Согласно ставот 3 од овој член пресметката се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Во трите споменати членови од Законот е пропишан и основ министерот за финансии да ги пропише начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок.

Имајќи ги предвид горенаведените законски одредби произлегува дека со Закон е пропишана обврската за обврзниците и исплатувачите на приходите да поднесуваат електронска пресметка до Управата за јавни приходи, додека во Правилникот донесен од страна на министерот за финансии поблиску е уредено дека за целите на пополнување и доставување на електронската пресметка „е-ППД“ тие се регистрираат на системот „е-Персонален данок“ на органот за јавни приходи.

Се смета дека со оспорените одредби од членот 10 од Правилникот не се повредува членот 33 од Уставот на Република Македонија, со оглед на тоа дека за целите на исполнување на обврската за плаќање на персоналниот данок на начин утврден со Законот, односно преку поднесување на елетронска пресметка, обврзниците и исплатувачите потребно е да се регистрираат на системот „е-Персонален данок“ согласно членот 10 од Правилникот. Регистрацијата е неопходна и е во функција на реализација на процесот на пополнување и доставување на електронската пресметка.

Дополнително, подносителот на инцијативата наведува дека членот 10 од Правилникот е во спротивност и со членот 18 од Уставот на Република Македонија според кој „ се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци“, бидејќи податоците од системот Управата за јавни приходи ќе ги користела за натамошна обработка со цел состав на даночната пријава и други цели.

Во врска со истово се укажува дека и пред доставување на електронските пријави преку системот „е- персонален данок“, Управата за јавни приходи располагаше со податоци за даночните обврзници добиени од исплатувачите на приходите како и од самите даночни обврзници и од тие причини сметаме дека оспорениот член од Правилникот не е во спротивност со членот 18 од Уставот на Република Македонија. Исто така изготвувањето и доставувањето на пополнета годишна даночна пријава од страна на Управата за јавни приходи е од корист за даночните обврзници, бидејќи истите повеќе немаат обврска секоја година да поднесуваат годишна даночна пријава до Управата за јавни приходи, а со тоа да трошат време и средства.

Врз основа на сето горенаведено, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое ќе ја отфрли предметната иницијатива за оценување на уставноста на членот 10 став 1 од Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок на обврзникот кој во текот на годината остварува приход и данок („Службен весник на Република Македонија“ бр. 197/17) како неоснована.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и инклузијата на Ромите по спроведување на Декадата на Ромите, со Извештај од истражувањето „Инклузија на Ромите по завршувањето на Декадата на Ромите“ со тековна состојба и предизвици и по истата утврди мислење врз основа на мислењата на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски и Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и заклучи да ги достави до Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 85

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Европски универзитет - Република Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Македонија во Мислењето бр.44-9197/1 од 22.10.2018 година наведе детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Во членот 32 ставот (3) е во спротивност со член 93 став (1) од Законот за високото образование кој гласи:

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат претставници од единиците на Универзитетот, придружните членки и од универзитетското студентско собрание. Согласно член 106 став (3) од Законот за високото образование, органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на Универзитетот утврдени со овој закон.

Во членот 65, одредбата од став (4) алинеја 8 е нејасна и двосмислена, со оглед на тоа да се разгледа можноста за нејзино допрецизирање или целосно укинување.

Исто така алинеите 9,10,11,12 се во спротивност со член 94 од Законот за високото образование, со оглед на тоа истите треба во целост да изостанат.

Во членот 70 ставот (5) треба во целост да биде усогласен со член 93 од Законот за високото образование и да гласи:

„Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот“.

Во член 110 ставот (1) треба да се измени и да гласи:

„Годишниот финансиски план на универзитетот го усвојува Сенатот на Универзитетот.“
Ставот (2) треба да изостане.

Во Статутот на универзитетот како што беше укажано и во претходното мислење, ќе треба да се предвидат одредби за начинот на објавување на конкурсот за запишување на студенти на што упатува член 149 став (6) од Законот за високото образование.

Освен тоа, нормирањето во Статутот треба да се изврши бројчано, без наведување на букви покрај бројот на членот. Наведувањето на букви во азбучен ред покрај бројот на членовите се применува исклучиво во случај на дополнување на Статутот со нови одредби. (членови 184-а, 184-б, 184-в, 184-г). По прифаќањето на ова забелешка да се пристапи кон соодветна пренумерација на членовите на Статутот на кои се однесува забелешката.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Оливера Пешиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 156 за КО ГИД Оризари на КП бр. 983 место викано Железница и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисаровски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2565 за КО Чаир на КП бр. 3004 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 45062 за КО Трубарево на КП 286/2 и КП 286/3 место викано Јуриа и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 89**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) доставено под И бр.813/18 и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 90**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на член 179, член 181, член 182 од Законот за извршување) под И Бр.328/2011, Записникот за продажба на недвижност со усно јавно

наддавање (врз основа на член 186 од Законот за извршување) со Заклучок и Заклучок за прва усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 91**

Владата по Известувањето од извршителот Антончо Коштанов, именуван за подрачјето на Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр. 714/18, Заклучок за огласување за продажба за неважечка (врз основа на член 188 став 2 од Законот за извршување), доставен под И.бр. 714/18 и Заклучокот за втора усна јавна продажба (на недвижноста запишана во Имотен лист бр. 2272 за КО Глуво Бразда) и по Известувањето го усвои мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 92**

1. Владата го именува Орхан Рамадани за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја именува Арлинда Зимери за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Фитим Касапи за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата ја именува Хилда Серафимовска за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Куманово и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја именува Јована Василевска Мициќ за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата ја именува Симона Зориќ Ристова за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата ја разреши Арта Бина од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“ - Скопје, на нејзино барање.

8. Владата ја разреши Бљерина Туши од должноста член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, претставник од Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

8.1. Владата го именува Јешим Алими за член на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, претставник од Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

9.Владата го разреши Ацо Серафимов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопшински центар за социјална работа Кочани.

9.1.Владата ја именува Љубица Крстова Гочевска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопшински центар за социјална работа Кочани.

10. Владата го разреши Ристо Велков од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје.

10.1.Владата ја именува Живка Ѓуфтева за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје.

11. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, ги именува:

- Назмије Мерко Забзун
- Бранкица Крстаноска
- Стојмир Стојаноски
- Ацо Миладиноски и
- Суарта Ахмети.

12. Владата за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претретпријатие Колекторски систем, ги именува:
- Висар Села
- Марина Прентоска
- Сенада Лачка
- Анѓа Блажевска и
- Сашо Јанчевски.

13. Владата заклучи предлогот за именување на вршител на должноста заменик на директорот на Државниот испитен центар и предлогот за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

## Точка 93

1. Владата го разгледа Известувањето од Министерството за труд и социјална политика за одложување на рок за постапување по Заклучок донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, точка 6 - Прашања и предлози и притоа заклучи:

-Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во четвртиот квартал од 2019 година, до Владата да достави Предлог-закон за социјално претприемништво.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за труд и социјална политика за доставување на Предлог-закон за социјално претприемништво, евидентиран

во системот е-Влада, со рок за доставување 26.12.2017 година (согласно Заклучок донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година).

2. Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Министерството за финансии за дополнување на заклучок од Нацрт-записникот од 116-та седница на Владата, одржана на 22.1.2019 година, точка 1 по Информацијата за потребата од обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на железничката пруга од Крива Паланка до границата со Република Бугарија“, за наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 7.2.2019 година (четврток), поради потребата од дополнително усогласување по материјалот.

3. Владата го разгледа Известувањето од Министерството за труд и социјална политика за одложување на рок за постапување по Заклучок донесен на 50-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 23.1.2018 година, точка 103 - Информација за преземени активности и предлог мерки за надминување на проблемот со лицата кои не поседуваат лична документација и притоа заклучи:

-Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во јуни 2019 година до Владата да достави Информација за реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемот на лицата кои не поседуваат лична документација.

Согласно ова, да престане да важи обврската на Министерството за труд и социјална политика за доставување на Информацијата, евидентирана во системот е-Влада, со рок за доставување 5.6.2018 година и 4.12.2018 година (согласно Заклучок донесен на 50-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 23.1.2018 година).

4. Владата го разгледа и го прифати Барањето за поништување на заклучоци од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и заклучи да престанат да важат следните заклучоци и тоа:

1. Извештај за состојбата на материјално техничките ресурси на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со предлог- мерки за решавање на потребите (рок 20.3.2018 година - реализирано).

2. Информација во врска со мерката за финансиска поддршка на набавката на високоприносен добиток од познато потекло со кофинансирање на 80% од трошоците (рок 27.9.2016 година, - заклучокот треба да се поништи, бидејќи мерката не беше воведена во Програмата за поддршка на руралниот развој).

3. Информација во врска со мерката за финансиска поддршка на ревитализацијата на селата, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година, (рок 28.3.2017 година - заклучокот треба да се поништи, бидејќи мерката не беше воведена во Програмата за поддршка на руралниот развој).

4.Информација за мерката за финансиска поддршка за покривање на 80% од трошоците за инвестициите за системот капка по капка и за копање на нови бунари, (рок 27.9.2016 година- заклучокот треба да се поништи, бидејќи мерката не беше воведена во Програмата за поддршка на руралниот развој).

5. Информација, со Акциски план во врска со извршената контрола на ИПАРД Програмата 2007/2013, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програма за финансиска поддршка за рибарство и аква култура и Програма за финансиска поддршка во земјоделство вклучувајќи ги и субвенциите (рок 25.9.2018 година - реализирано, согласно Нацрт-записникот од 60-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година, точка 89 и точка 90, Агенцијата доставува извештаи со наслов: „Извештај и анализи за спроведените контроли на терен за програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аква култура и ИПАРД програмите, со Акциски план за извршување на контроли кај баратели кои од 2012 година, не биле предмет на контрола на терен", да се изврши соодветна преформулација на насловот).

6. Информација, со Акциски план, во врска со извршената контрола на ИПАРД Програма 2007/2013, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програма за финансиска поддршка за рибарство и аква култура и Програма за финансиска поддршка во земјоделство вклучувајќи ги и субвенциите (рок 26.3.2019 година, - заклучокот треба да се поништи бидејќи истите податоци ќе бидат содржани во активноста под реден број 5. Се предлага извештаите да се поставуваат еднаш годишно и тоа во септември се до 2028 година, согласно претходно доставениот акциски план).

7. Информација, со Акциски план, во врска со извршената контрола на ИПАРД Програма 2007/2013, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програма за финансиска поддршка за рибарство и аква култура и Програма за финансиска поддршка во земјоделство вклучувајќи ги и субвенциите (рок 24.9.2019 година - ќе се реализира со наслов: „Извештај и анализи за спроведените контроли на терен за програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аква култура и ИПАРД програмите со Акциски план за извршување на контроли кај баратели кои до 2012 година, не биле предмет на контрола на терен").

8 Информација, со Акциски план, во врска со извршената контрола на ИПАРД Програма 2007/2013, Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програма за финансиска поддршка за рибарство и аква култура и Програма за финансиска поддршка во земјоделство вклучувајќи ги и субвенциите (рок 24.3.2020 година - заклучокот треба да се поништи бидејќи истите податоци ќе бидат содржани во активноста под реден број 7. Се предлага извештаите да се доставуваат еднаш годишно и тоа во септември се до 2028 година, согласно претходно доставениот Акциски план).

9. Информација, со Акциски план за дополнителни проверки на корисници на финансиска помош кај кои статистички, од почетокот на ИПАРД Програмата никогаш не е направена контрола (рок 25.9.2018 година-заклучокот треба да се поништи, бидејќи активноста е содржана (споена) со активноста под реден број 5.)

10. Информација, со Акциски план за дополнителни проверки на корисници на финансиска помош кај кои статистички, од почетокот на ИПАРД Програмата никогаш не е направена контрола (рок 26.3.2018 година-заклучокот треба да се поништи, бидејќи активноста е содржана (споена) со активноста под реден број 5. )

11. Информација, со Акциски план за дополнителни проверки на корисници на финансиска помош кај кои статистички, од почетокот на ИПАРД Програмата никогаш не е направена

контрола (рок 24.9.2019 година - заклучокот треба да се поништи, бидејќи активноста е содржана (споена) со активноста под реден број 7.)

12.Информација, со Акциски план за дополнителни проверки на корисници на финансиска помош кај кои статистички, од почетокот на ИПАРД Програмата никогаш не е направена контрола (рок 24.3.2020 година - заклучокот треба да се поништи, бидејќи активноста е содржана (споена) со активноста под реден број 7.)

13. Информација, со Акциски план за дополнителни проверки на корисници на финансиска помош кај кои статистички, од почетокот на ИПАРД Програмата никогаш не е направена контрола (рок 22.9.2020 година - заклучокот ќе се реализира со наслов: „Извештај и анализи за спроведените контроли на терен за програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аква култури и ИПАРД програмите, со Акциски план за извршување на контроли кај баратели кои од 2012 година, не биле предмет на контрола на терен“).

5. Владата го разгледа и го прифати Барањето за поништување на заклучоци од Агенцијата за катастар на недвижности (имајќи предвид дека наведените десет информации се однесуваат на активности кои произлегуваат од Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности 2018-2020 и кои се содржани во Годишните програми за реализација на стратешкиот план поединечно за секоја година, за кои информации за текот и статусот на реализација на секоја од наведените активности поединечно, е содржан во Извештајот за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, кој директорот на Агенцијата, согласно член 15 од Законот за Катастар на недвижности, е должен на секои шест месеци да го доставува до Владата на Република Македонија) и да заклучи да престанат да важат следните заклучоци и тоа:

1. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот Ортофото снимање и ласерско скенирање на теренот за целата територија на Република Македонија-по заклучок од 99-та тематска седница на Влада на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 5 од Акцискиот план.

2. Информација за прогресот на активностите поврзани со Воспоставување на Графички регистар за улици и куќни броеви (Адресен регистар)-по заклучок од 43-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 21.12.2014, точка 114, заклучок под реден број 23.

3. Информација за статусот на реализација на активностите за Воспоставување на Регистар на градежно земјиште - по заклучок од 43-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 21.12.2014, точка 114, заклучок под реден број 24.

4. Информација за прогресот на активностите за воспоставување на функционален Регистар на цени и закупнини-по заклучок од 125-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.12.2015, точка 33, заклучок под реден број 19.

5. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Ажурирање на катастарските парцели, втора фаза -по заклучок од 99-та тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 8 од Акцискиот план.

6. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот-Дигитализација на Катастарските планови) -по заклучок од 99-та тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 17 од Акцискиот план.

7. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП) - втора фаза -по заклучок од 99-та тематска седница на Влада на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 7 од Акцискиот план.

8. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Поврзување за националниот геопортал на простории податоци на АКН со порталите од регионот-по заклучок од 99-та тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 16 од Акцискиот план.

9. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Премер на инфраструктури во државна и општинска сопственост- по заклучок од 99-та тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 6 од Акцискиот план.

10. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот - Подобрување на квалитетот на податоците на катастарот-по заклучок од 99-та тематска седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017, точка 6. Прашања и предлози, точка 19 од Акцискиот план.

6. Владата го разгледа и го прифати Барањето за поништување на заклучоци од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и заклучи да престанат да важат следните заклучоци и тоа:

1. Информација за вклучување на големите компании во проектот „Поврзување на странските инвеститори со домашните во ланецот на добавувачи“ (од 10.4.2018 година) (проектот е исполнет во целост).

2.. Информација за вклучување на големите компании во проектот „Поврзување на странските инвеститори со домашните во ланецот на добавувачи“ (од 10.10.2017 година) (проектот е исполнет во целост).

3. Информација за вклучување на големите компании во проектот „Поврзување на странските инвеститори со домашните во ланецот на добавувачи“ (од 11.4.2017 година) (проектот е исполнет во целост).

4. Информација за вклучувањето на големите компании во активностите и услугите на Агенцијата и мрежата на промотори, поврзани со подобрено информирање, едукација, вмрежување и промоција (он-лајн видео средби, Б2Б средби, промоција преку веб порталот и базата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, и др.) (9.1..2018 година) (во моментов нема економски промотори, а on-line видеосредбите кои се одржуваат на секои три месеци и беа наменети за промоција на домашните компании, кои директно ги запознаваа економските промотори и дефинираа заеднички полиња на делување, повеќе не се одржуваат).

5. Информација за вклучувањето на големите компании во активностите и услугите на Агенцијата и мрежата на промотори, поврзани со подобрено информирање, едукација, вмрежување и промоција (он-лајн видео средби, Б2Б средби, промоција преку веб порталот и базата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, и др.) (10.4.2018 година) (во моментов нема економски промотори, а on-line видеосредбите кои се одржуваат на секои три месеци и беа наменети за промоција на домашните компании, кои директно ги запознаваа економските промотори и дефинираа заеднички полиња на делување, повеќе не се одржуваат).

6. Информација за вклучувањето на големите компании во активностите и услугите на Агенцијата и мрежата на промотори, поврзани со подобрено информирање, едукација, вмрежување и промоција (он-лајн видео средби, Б2Б средби, промоција преку веб порталот и базата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, и др.) (10.7.2018 година) (во моментов нема економски промотори, а on-line видеосредбите кои се одржуваат на секои три месеци и беа наменети за промоција на домашните компании, кои директно ги запознаваа економските промотори и дефинираа заеднички полиња на делување, повеќе не се одржуваат).

7. Информација за вклучувањето на големите компании во активностите и услугите на Агенцијата и мрежата на промотори, поврзани со подобрено информирање, едукација, вмрежување и промоција (он-лајн видео средби, Б2Б средби, промоција преку веб порталот и базата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, и др.) (10.10.2017 година) (во моментов нема економски промотори, а on-line видеосредбите кои се одржуваат на секои три месеци и беа наменети за промоција на домашните компании, кои директно ги запознаваа економските промотори и дефинираа заеднички полиња на делување, повеќе не се одржуваат).

8. Информација за вклучувањето на големите компании во активностите и услугите на Агенцијата и мрежата на промотори, поврзани со подобрено информирање, едукација, вмрежување и промоција (он-лајн видео средби, Б2Б средби, промоција преку веб порталот и базата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, и др.) (10.7.2017 година) (во моментов нема економски промотори, а on-line видеосредбите кои се одржуваат на секои три месеци и беа наменети за промоција на домашните компании, кои директно ги запознаваа економските промотори и дефинираа заеднички полиња на делување, повеќе не се одржуваат).

7. Владата го разгледа Известувањето за постапување по заклучоци од Агенцијата за цивилно воздухопловство и го усвои со следните образложенија:

1.Информација за напредокот во разговорите за отворање на регионална канцеларија на ЕАСА за Балканот во Скопје во просториите на Агенцијата за цивилно воздухопловство (Агенцијата за цивилно воздухопловство со допис бр.02-1613/1 од 31.10.2016 година, пред ЕАСА го изрази интересот за воспоставувањето на претставништвото на ЕАСА за Западен Балкан во Република Македонија. Воедно, Агенцијата за цивилно воздухопловство за оваа можност ја извести и Дирекцијата за мобилност и транспорт на Европската комисија со допис бр.02-1192/1 испратен на 26.7.2018 година, за што беше добиен одговор со допис бр.02-1192/2 од 20. 9.2018 година, дека Европската комисија високо го цени напредокот остварен во Република Македонија во областа на воздухопловството, но прашањето за воспоставувањето на регионално претставништво на ЕАСА за Западниот Балкан е се уште во фаза на интерни дискусии. Ве известуваме дека и

покрај тоа што уште не е донесена конечна одлука од страна на ЕАСА за воспоставувањето на регионално претставништво на ЕАСА за Западниот Балкан, според слободна проценка за завршување на процесот доколку се одвива во позитивна насока, рокот би бил најдоцна до 31.12.2019 година.)

2. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „воздухопловен потсетник“ (Овој проект има за цел да ги потсетува носителите на дозволи и овластувања за навремено и точно преземање на потребните активности (продолжување, обновување и т.н) на нивните дозволи, сертификати, рејтинзи и овластувања, како би се избегнало доцнење на странките и/или спроведување на несоодветна активност (проверка, испит, преглед и т.н), која ќе предизвика финансиски трошок за странката, а нема да биде прифатена од страна на АЦВ.

Но, при анализа на податоците од физичките и правните лица посебно при проверка на контакт податоците (телефонски броеви и електронска пошта) беше констатирано дека многу од странките или не доставиле контакт податоци или доставените се погрешни односно променети телефонски броеви и т.н.

Со оглед на тоа, што точноста на податоците е основа за реализација на овој проект Агенцијата за цивилно воздухопловство со истиот ќе продолжи откако првично ќе обезбеди прифатлива база на податоци со цел набавката на софтвер да има финансиска оправданост, со рок најдоцна до јуни 2020 година.)

3. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „воздухопловни карти и процедури за VFR летање и VFR ноќно летање“ (Во однос на проектот воздухопловни карти и процедури за VFR летање и VFR ноќно летање, Ве известуваме дека по создавањето на правниот основ со имплементација на Правилникот за правилата и постапките за летање на воздухопловните кој стапи на сила на 1.03.2018 година, формираната комисија со претставници од Агенцијата за цивилно воздухопловство и А.Д М-НАВ изготви предлог текст за објавување во зборникот на воздухопловни информации со што ќе се отстрани пречката за VFR ноќно летање најдоцна до 1.6.2019 година.

За реализација на делот од овој проект кој се однесува на изготвување на воздухопловни карти досегашното искуство покажа дека не можеме да дадеме конкретни рокови од причина што истиот не зависи само од АЦВ и затоа го повлекуваме до создавање на соодветни услови за негова реализација за што дополнително би ја известиле Владата.)

4. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Електронска наплата на надоместоците од Агенцијата за цивилно воздухопловство“ Согласно отпочнатата постапка за воведување на можност за електронско плаќање, односно за воведување на e-commerce сервисот за дефинирање на виртуелен ПОС терминал на Агенцијата за цивилно воздухопловство за електронска трговија, наменет за продажба на услуги преку интернет, би сакале да Ве информираме за спроведените активности до сега (Имено, постапката за воведување е отпочната и за истата: Дефиниран е виртуелен ПОС терминал преку НЛБ Банка, Креирана е web продавница;Потпишан е договор со НЛБ Банка за регулирање на меѓусебните права и обврски од спроведување на истиот, со што овозможени се услови за отпочнување на процесот од страна на банката.

За продолжување на постапката потребно е уште: Имплементација на https-secure mode - web страната не подржува upgrade потребно е да се изврши надградба на истата, Дефинирање на кошничката за купување по цена - потребно е групирање на цените согласно тарифникот на Агенцијата.
Проектот ќе се реализира до 31.12.2019 година.)

5. Во однос на Информациите за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Изготвување на анализа за санација на земјоделски аеродроми и леталишта", се известува дека Агенцијата за цивилна воздухопловство, како регулаторен орган нема можности и надлежности за изготвување на проекти за санација. Со спортските аеродроми оперираат аероклубови, кои се и надлежни за нивно тековно и инвестиционо одржување. До Агенцијата за цивилно воздухопловство не е пројавен интерес за нивно користење од страна на воздухопловните субјекти или било кои други органи во земјата и странство. Од наведените причини, се предлага во сегашна фаза, да се сметаат како завршени, а понатамошниот развој на оваа инфраструктура да се одвива согласно „Студијата за модернизација на спортски аеродроми и летилишта" изготвена од страна на Министерството за транспорт и врски во ноември 2014 година.

6. Во однос на Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Airort collaborate decision making", се бара повлекување.

7. Во однос на Информациите за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „За интеграција со Оперативниот центар на Eurocontrol во Мастрихт и централизираното користење на АТМ инфраструктурата"се бара повлекување.

8. Во однос на Информациите за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Софтвер за електронско обезбедување на документација за работа на спортски авиоклуб (налози за лет, часови за лет на пилоти, воздухоплови, ресурси на авиони, осигурување)" се бара повлекување.

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период 28.1.2019 година до 3.2.2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

9. Владата го разгледа и прифати Барањето за престанување на важење на заклучоци, донесени на 11-та седница на Владата, одржана на 1.3.2016 година, по точка 76 од Општина Крива Паланка и заклучи да престанат да важат следниве заклучоци:

1.Заклучокот бр.1 во однос на доставување на информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на локален пат во с.Конопница маала Кула - Стублица", со Акциски план, со оглед на тоа дека наведениот патен правец не е во приоротетните патни правци според Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2019 година, донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка (Трасата на патот се вкрстува со постоечка линија на гасовод и потребно е измена и доработка на техничката документација).

2.Заклучокот бр.3 во однос на доставување на информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на водовод во село Дрење, проектот

„Изградба на водовод во село Б’с и туристички локалитет Калин Камен“, проектот „Доизградба и реконструкција на водоводна мрежа во село Кркља“ и проектот „Доизградба и реконструкција на водоводна мрежа во село Варовиште“, со Акциски план, со оглед на тоа дека наведените водоводи не се во приоритетите според Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2019 година (Техничката документација за истите е стара и не е во дигитална форма, а сменети се и параметрите според кои е изработена, потребно е истата да се преработи и докомплетира како и да се обезбедат соодветни водостопански дозволи од надлежни органи).

3.Заклучокот бр.4 во однос на доставување на информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Реконструкција на детската градинка“, со Акциски план, со оглед на тоа дека Проектот се однесува на објект во с.Конопница кој од Задружен дом требаше да се реконструира и адаптира во детска градинка. За истото има изготвено основен проект, но истиот според намената на просторот во моментот не е усогласен со Општиот акт за с.Конопница. Проектот не е веќе во приоритетите во соодветните програми на Општина Крива Паланка.

Во врска со Заклучокот бр.2 во однос на доставување на информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Санација на свлечишта на локален пат Крива Паланка - с. Станци“, со Акциски план, а имајќи го предвид образложението дека Општина Крива Паланка со Меморандумот заведен во Општина Крива Паланка под број 08-637/1 од 28.2.2018 година ја информираше Владата со проблемот со кој се соочува општината и согласно на Изводокот од 61-та седница на Владата, одржана на 27.3.2018 година, со кој Владата ја разгледа Информацијата за решавање на проблем со свлечишта на локалниот пат „Крива Паланка - с. Станци“ и локалниот пат „с. Станци - м.в. Станечка Кривина - м.в. Метоф - с. Дренак“, како материјал за информирање и истовремено му укажа на Јавното претпријатие за државни патишта, да ја разгледа можноста од Годишната програма, односно од Програмата за поддршка на локалните патишта да ги издвои потребните средства за решавање на проблемот со свлечишта на локалниот пат „Крива Паланка - с. Станци“ и локалниот пат „с. Станци - м.в. Станечка Кривина - м.в. Метоф - с. Дренак“, Владата заклучи да се измени и да гласи:

-се препорачува на Општина Крива Паланка во рок од шест месеци да подготви и до Владата да достави информација за преземените активности за надминување на проблемот во врска со свлечиштата на локалниот пат „Крива Паланка - с. Станци“ и локалниот пат „с.Станци - м.в. Станечка Кривина - м.в. Метоф - с.Дренак“.

10. Владата го разгледа и прифати Барањето за престанување на важење на Заклучок, донесен на 30-та седница на Владата, одржана на 1.6.2016 година од Општина Радовиш и заклучи да престане да важи заклучокот бр.5 донесен по точка 110 од 30-та седница на Владата, одржана на 1.6.2016 година, во однос на доставување на информации за текот на активностите за реализација на проектот „Изградба на повеќенаменско спортско игралиште во с.Ораовица со трибини, рефлектори и гумена подлога“, со оглед дека проектот е завршен, за истиот има технички преглед од 29.7.2016 година и завршен извештај од 30.7.2016 година и објектот е во употреба).

11. Владата го донесе Решението за назначување на претседател, заменик-претседател, членови, заменици-членови и секретари на Координативното тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам.

12. Владата го разгледа Барањето од Министерството за труд и социјална политика за престанување на важењето на Заклучок донесен на 105-та седница на Владата, одржана на 27.11.2018 година, по точка 34 и заклучи да престане да важи заклучокот бр.1 донесен по точка 34 од 105-та седница на Владата, одржана на 27.11.2018 година, со оглед дека Министерството за труд и социјална политика нема можност за реализација на целите за отворање на ОН-стоп канцеларија, односно Министерството за труд и социјална политика дополнително ќе утврди соодветна намена на овој простор како би можел истиот да се стави во функција.

13. Владата заклучи железната (кована) ограда која се наоѓа околу зградата на Владата на Република Македонија да биде отстранета, со цел ослободување на просторот и негова достапност за јавно користење од страна на граѓаните.

**<u>Точка 94</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за периодот од 1.7.2018 година до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Исто така, се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот до Владата и Секретаријатот за европски прашања да достави податоци за одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата по основ на пресуди за кривични дела во врска со поткуп, злосторничко здружување, организиран криминал и висока корупција со оглед дека истото е важно за евиденција на постигнатите резултати во борбата против организиран криминал и корупција што се доставува во рамки на Планот 18 до Европската комисија.

**<u>Точка 95</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите сврзани со ажурирање на геодетска подлога во функција на изработка на Државна урбанистичка планска документација за Технолошко индустриска развојна зона Липково, КО Никуштак, Општина Липково, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за планирање на просторот во рок од седум дена да ја информира Владата за статусот на активностите поврзани со изработка на Државна урбанистичка планска документација за Технолошко индустриска развојна зона Липково, КО Никуштак, Општина Липково.

**<u>Точка 96</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишан Договор за научна и техничка соработка, помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија и Генералниот директорат за здравствена заштита на животните и ветеринарно медицински препарати и Генералниот директорат за хигиена, безбедност на храна и исхрана при Министерството

за здравство на Република Италија од областа на ветеринарното јавно здравство, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишаниот Договор за стручна и научна соработка меѓу Државниот архив на Република Македонија и Народниот музеј во Врање, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 октомври до 31 декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на четири нови електрични локомотиви, за период 1.1-31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Македонски железници Транспорт АД - Скопје да достави детална информација за финансиските импликации од договорните казни поради доцнењето на испораката на локомотивите.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот за претпристапна помош за период јануари - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот на претпристапна помош, за периодот јули - декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата со компаративна анализа на законодавството со кое се регулира заштитата од штетните ефекти од употребата на тутун и тутунски производи во земјите од Европската Унија и преглед на извршени инспекциски надзори од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Реконструкција, адаптација и санација на НУ Албански театар - Скопје“, со Анализа на

реализацијата на реконструкција на објектот Национална установа Албански Театар - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за надзор над функционалноста на АКМИС по судовите и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да формира комисија за надзор над судовите за примената на одредбите од Судскиот деловник и да донесе план за надзор, за 2019 година, со кој ќе се предвиди надзор на следните 16 судови:

- Управен суд
- Виш управен суд
- Основен суд Скопје I
- Основен суд Скопје II
- Основен суд Кавадарци
- Основен суд Куманово
- Основен суд Тетово
- Основен суд Кичево
- Основен суд Охрид
- Основен суд Струга
- Основен суд Крива Паланка
- Основен суд Прилеп
- Основен суд Струмица
- Апелационен суд Гостивар
- Основен суд Битола
- Апелационен суд Битола

2. Се задолжува Министерството за правда да донесе одлука со која на секој член на комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник ќе му се исплаќа надомест во висина од 6.000,00 денари по извршен надзор над суд до донесување и влегување во сила на измени на Законот за управување со предмети во судовите.

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за признавање на претседателот на Националното собрание на Боливарската Република Венецуела, Хуан Гуаидо за преоден претседател на државата до спроведувањето на нови претседателски избори, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата ја донесе Одлуката за отворање Генерален конзулат на Република Северна Македонија во Република Грција, со седиште во Солун, со заклучок Министерството за

надворешни работи називите во текстот на Одлуката да ги усогласи со називите во Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за Безбедност на Обединетите Нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2019).

**Точка 108**

Владата ја донесе Одлуката за отворање амбасада на Република Северна Македонија во Република Грција, со седиште во Атина, во предложениот текст.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**